Ангелина КРСТЕВА

УДК 391(497.17-35)(091)

ЗА НЕКОИ РАЗВОЈНИ ФАЗИ НА ШОПСКИТЕ НОСИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Шопските носии во Македонија, кои се застапени во неколку предели (Источен дел на Славиште, Дурачка река, Пијанец, Малешево и Радовишки шоплук) претрпеле различни промени низ своите развојни фази. Во некои од нив се одвивало вклопување на нови облековни елементи, во други дури и напуштање на одделни традиционални делови. Притоа, најевидентно е влијанието на овчеполската (которска) носија.

Следејќи неколку карактеристични облеки од македонските женски шопски носии се посочуваат нивните заеднички и локални специфични одлики. Врз таа основа се издвојуваат главно две основни првобитни варијанти. Отстапување претставува женската носија од Радовишкиот Шоплук, поради издвоеноста на оваа шопска група од матичната област.

Клучни зборови: Шопи, шопски женски носии во Македонија, карактеристични елементи, локални специфичности, кошула, шаек, саја, џубе, развојни фази, замена или придружен елемент, елек, антерија, фустан, которска носија и др.

Пошироката област *Шоплук*, која опфаќа делови од Југисточна Србија, Западна Бугарија и Североисточна Македонија, некогаш се развивала како единствена целост, со карактеристични белези во материјалната и духовната култура на нејзиното население. Раздвојувањето на Шопите со новите државни граници и прекинатите меѓусебни врски, засилените подоцнежни миграции и лошите економски услови, особено во изолираните планински населби, како и некои други фактори, придонесле за поинаков етнички развој на шопските групи во овие три земји.

Македонскиот дел од некогашниот Шоплук денес зафаќа одделни подрачја околу неколку градски центри: Крива Паланка, Кратово, Делчево, Берово, Кочани и Радовиш. Овој поширок македонски шопски регион, било во целост или поединечно, недоволно е истражуван од етнолошки аспект. Во оваа смисла недостигаат и посебни проучувања на македонските шопски носии, со подетални информации за нивните некогашни специфики и развојни фази.

Истражувањата на некои современи етнички процеси и состојби во врска со одделни шопски групи даваат интересни согледувања за нивното раслојување со преселничките движења, за сложената етничка слика во новите средини, но и за извесна виталност во одржувањето на некои посебности од традиционалната култура на шопското население, па и за нова консолидација кај дел од шопските доселенички групи[1].

Од досегашните сознанија се определени неколку подрачја со застапеност на шопски носии во Македонија, а тие ги опфаќаат пределите: Источен дел на Славиште, Дурачка Река, Пијанец, Малешево и Радовишки Шоплук[2]. Нивните носии се разграничени со носиите од Кумановската област, со оние од типот на овчеполската (*котурска*) носија (во дел од Кратовско и во Кочанско Поле), па и со носиите на Радовишко-Струмичко Поле. Населението во некои од овие соседни области и денес ги посочува разликите со шопското население, па и посебноста во облекувањето.

Од друга страна, треба да се има предвид, дека во многу од овие подрачја со планински доселеници од север, месното население најчесто сите нив ги именува како „Шопи", што е инаку пошироко позната етнолошка појава. Овој феномен е надвор од нашиот интерес во овој прилог, но ќе споменеме само неколку примери, што го засегаат проблемот со носиите.

Во некои штипски села (Аргулица, Цревуљево, Козјак, Горно Трогирци и др.), месното население ги вика доселениците од кривопаланечките села Огут, Нерав, Псача, Градец и други, освен „паланчáни" и „планúнци", уште и „*Шопи*", иако овие ѝ припаѓале на Кумановската област според носијата[3]. Истиот пример се однесува и на состојбата во некои кратовски села[4], а таму доселениците од северните села се познати и како „белосáјке", што исто така се однесува на женската кумановска носија. Населението од Горња Пчиња ги наре-

---

[1] Галаба Паликрушева, *Современите етнички процеси во Радовишкиот Шоплук*, Зборник од XXXI Конгрес на Сојузот на здруженијата на фолклористите на Југославија - Радовиш 1984, Скопје 1988, 33-40. Анета Светиева, *Современата состојба на шопската етничка заедница во Кратовско и Кривопаланечко*, Зборник на Музејот на Македонија, н.с. бр. 1 Етнологија, Скопје 1992, 9-18.

[2] Ѓорѓи Здравев, *Македонски народни носии I*, Скопје 1996, 151-173. Аница Петрушева, *Народни носии, Етнологија на Македонците*, Скопје 1996, 155-156.

[3] Во овие села жените носеле т.н. „шарени" кошули и саи од типот на кумановските (Архив на Институтот за фолклор, Кривопаланечко 21/I).

[4] Архив на ИФ, Кратовско 15/I, А.Светиева, н.д. 10,14.

кувало жените од околината на Куманово со истото име „белоса́јке“, бидејќи нивната носија ја карактеризираат „бели саи“[5].

Но во некои села со застапеност на *которската* носија, месните жители своите источни соседи ги викале со мошне индикативно име *црноцӯпки*[6], затоа што нивните жени носеле црно *цубе*, облека застапена речиси кај сите посочени македонски шопски групи[7]. Од своја страна, пак, Шопите им се потсмевале на *которците*, довикувајќи им: „Тоскали́и, тоскали́и“, затоа што мажите носеле „тоска“, кошула со широко здолниште. Инаку, кога которците со потсмев ги нарекувале *Шопи, Шопови*, нагласувајќи со тоа дека биле заостанати и прости, овие им одвраќале: „Ние сме Шопи во алињето, а вие во главата“.

Традиционалната носија несомнено претставувавала главно надворешно обележје и видлив знак на препознатливост на една издвоена општествена заедница или етничка група. Туѓите носии кај нејзините членови предизвикувале отпор и негативни реакции, а тоа често се искажувало и со разни потсмешливи прекари, што значело и потенцирање на утврдените критериуми и стандарди за сопствената носија. Обично ваквите прекари се изведувале според некој позабележителен дел од туѓата носија, кој предизвикувал најчесто потсмешливи реакции или, пак, не се вклопувал во наследните сфаќања на односната група за припадноста кон неа и нејзините традиционални естетски норми.

Ваквите примери се познати и во други македонски краишта. Така на пр.: соседите ги викале Мијаците со потсмев „зелени гајтанчиња“ и „објала“[8], а самите Мијаци им се потсмевале на торбешките од Долна Река, нарекувајќи ги „гаќурки“[9]. Жителите од пет полошки села под пл. Сува Гора, своите сосетки од Горни Полог ги викале потсмешливо „опрегачке“ и „ќушќарке“, но се дистанцирале и од оние во Долни Полог нарекувајќи ги „шубарке“[10]. Горноположани,

---

[5] Д-р Миленко С. Филиповиќ - Персида Томиќ, *Горња Пчиња*, Српски етнографски зборник кн. LXIII, Београд 1955, 47.

[6] Ѓ. Здравев, н.д. 219.

[7] Исто, 156, 168. А. Петрушева. Н.д. 155-156.

[8] Тома Смиљаниќ, *Мијаци, Горна Река и Мавровко Поле*, Српски етнографски зборник XXXV, Београд 1925, 62 („зелени гајтанчиња“ ги викале поради некои нивни облеки, опточени со зелени гајтани). „Објала“ ги викале соседите од Дебарско Поле, по истоимените мијачки завивачи за нозете.

[9] „Гаќурки“ ги нарекувале, затоа што торбешките носеле „димии“ („гаќи“).

[10] Прекарот „опрегачке“ се однесува на горнополошката носија со две скутини - „опрегачи“, а „ќушќарке“ - на тамошниот специфичен женски појас, со истакнати сребрени топчести украси „ќушќи“ во ресите. Според долнополошката облека „шубаре“ ги нарекувале „шубарке“.

пак, ги именувале жените од двете други полошки групи со поинакви носии од нивната како „белокрпке“[11] итн.

Овие прекари најчесто посочуваат некои од основните облековни карактеристики на една издвоена општествена групација, но од друга страна можат да послужат и како дополнителен патоказ за оформување на првобитната етничка слика на дадена група. Ваков прекар, даден според облеката, за шопките како „црноџупки“, беше еден од поводите да се осврнеме на некои покарактеристични елементи од женските шопски носии кај нас, на нивните локални специфичности и промени, кои се насочиле и во друг правец со прекинати врски меѓу соседните шопски групи.

Основната женска облека - *кошулата*, по својата кројна конструкција не отстапува од туниковидната форма, карактеристична за поголемиот дел македонски кошули во составот на народните носии, но се издвојува со специфичната везбена декорација. Некогашните кошуле во селата на крајниот дел на Славиште (Кркља, Жидилово, Трново, Дубровница, Мала и Голема Црцорија, Киселица) се изработувале од конопно („пртено“) или „мелезно“ платно (со памучна основа и конопен јаток), а се везеле со домашни волнени конци. Од почетокот на овој век започнале да се носат кошули од памучно платно, а се везеле со свилени конци, под влијание на соседните села од бугарска страна[12]. Слободно пуштените ракави, се везени по работ со тесна бордура „подво́зок“, а над неа со по две или четири одделни везбени целини, наречени „бенки“ (фотографија 1). Некогаш везеле и само по една „бенка“. На задниот стан кошулите се украсени со по две такви орнаментални форми - „узбо́јки“ или „задњи́ци“. Помеѓу двете светски војни се заносиле кошули, украсени само со бели, рачно плетени тантели, наместо со вез[13].

Според особеностите на везот, но и според везбените називи, овие кошули се аналогни со оние од некои делови на Ќустендилско[14], што ја потврдува некогашната поврзаност на населението од двете соседни подрачја.

---

[11] Името „белокрпке“ го добиле според специфичното забрадување со тенки бели „крпи“ (А. Крстева, *Народен живот, обичаи и народно творештво кај Македонците, Тетово и Тетовско низ историјата*, Тетово 1982, 335,336.

[12] Во времето околу илинденскиот период многу семејства пребегнале во бугарското соседство, па кога се вратиле назад, ја пренеле оттаму оваа мода за везење со свила (Арх. На ИФ, 21/I Рег. Бр. 294).

[13] Ѓ. Здравев, н.д. 152.

[14] Йорданъ Захариевъ, *Кюстендилско Крайще*, Сборникъ за народни умотворения кн. XXXII, София 1918, 89. М. Велева и Евг. Лепавцова, *Български народни носии том IV*, София 1988, 40-41, 139, 316-317.

Друг карактеристичен дел од оваа носија е горната облека *шаек*, од црна клашна. Отворена напред, долга до потколена, со расцеп меѓу кројните составки, на градите овално раскроена, со ракави до лактите. Украсена е со редови од разнобројни и срмени гајтани на предниците, а на ракавите по работ и под рамените шевови. Во периодот помеѓу двете светски војни се носела иста ваква облека, но изработена од индустриски материјал „казмир", па според него наречена со истото име. Крактеристична била инаку за соседните предели во Бугарија, какви што се продавале оттаму и на овој простор[15]. Тука се носела и *саја*, облека од ист тип како „шаекот", кој понекогаш се поистоветувал со сајата, но можно е да се носеле и саи од потенка волнена ткаенина (фотографија 2).

Зимска и празнична женска облека била безракавното *џубе*, од црна клашна, долго до колена, малку клинесто во долниот дел, со украси од гајтани и срма[16].

Во кривопаланечкиот предел Дурачка Река („Дура́чко") главните делови од женската носија се задржале во своите понови развојни форми. Кошулата е од „ќенарно" платно (поново турско влијание), со ракави собрани на манжетна, а украсена е малку со вез, главно во техника крвчиња или со бели тантели. Наместо шаек или саја, тука се појавува нов вид горна облека - *елек* без ракави, од ригеста волнена ткаенина „алаџа", поставен со конопно платно, долг до под колена или покус и свонест во долниот дел (Фот. 3). Но затоа пак, таму се задржало црното *џубе*, со срмени и гајтански апликации, како празнична и невестинска облека[17].

Женската носија во Пијанец се одликува со некои посебности. Според информации од с. Разловце во 1962 година, некогаш и тука женската кошула се украсувала со везови на станот, наречени „оспо́лници", кои се состоеле од по три „трка́лца", а биле везени и ракавите[18]. За везови од „по две трка́ла" и на предниот и на задниот стан на кошулата се споменува и во селата северозападно од Делчево (Драмче, Киселица, Костин Дол, Ќосевица, Каменица, Саса и др.), познати како „Долни села", а нивното население - „долноселци" и „шопје". Некои информатори од овој крај, пределот Пијанец го определуваат јужно од Делчево, а ги издвојуваат „Долните села" како

---

15 Ѓ. Здравев, н. д. 152.

16 А. Петрушева н.д. 155.

17 Исто, 156. Ѓ. Здравев, н.д. 155-156.

18 Информаторката Миропа Тренчовска, 60 - годишна (во 1962 год.), родена во с. Разловце, а околу 1917 год. преселена во с. Тработивиште, кажува дека со таква кошула ја погребале свекрва ѝ (Арх. на ИФ Делчевско).

посебни, но сепак, во поглед на носијата, овие две подрачја имале повеќе заеднички карактеристики. Подоцнежните кошули, со напуштањето на везот, се ткаеле со "ќенаре", најчесто жолти, но и црни.

Горната женска облека во Пијанец - *саја*, за разлика од онаа во источниот дел на Славиште е подолга, со должина нешто помала од должината на самата кошула, и со долги ракави, расечени над дланката. Се изработувала од лито ткаен, црн волнен материјал со истото име „саја", домашна изработка, но и од четворна клашна („брдници"), која кај Долноселците се викала и *шајак*. Околу раскроените предници е украсена со гајтани и бикме во стилот на кривопаланечкиот шаек (фотографија 4).

Според една информаторка од с. Драмче од 1962 година, до крајот на минатиот век таму се носела, освен „црна" и „сина саја", украсена со жолти ширити. Материјалот го ткаеле од „власна в'на", бојадисана во „синѝло"[19]. Не располагаме со дополнителни сознанија за ваквото искажување, т.е. дали станува збор за општа или за изолирана појава, но индикативно е споменувањето на „сина саја" во една детска броенка од истото село[20]. Инаку, во соседството од другата страна на границата, се изработувале и саи од обоени ткаенини, најчесто темнозелени[21], а „сина саја" била позната во Драмско и соседните области.

Од црни валани „брдници" се приготвувало и празнично *џубе* украсено со гајтани и срма (фотографија 5). Меѓутоа, во составот на женската носија и тука се прифатила нова горна облека-*антерија*, од ригеста ткаенина со истото име, а по кројната конструкција била блиска до сајата, со долги ракави, скроени со ригите напреку. Се носела во комбинација со саја, шајак и џубе. Со напуштањето на сајата и антеријата, во пијанечките села се вовел *ф'стан* од ригеста „антерија", скроен од „горнѝште" од истиот или друг материјал и долен дел, набран на „бркуљé" (с. Разловце) или „грчки" (с. Нов Истевник). Се споменува и за носење *фустанéли* извесно време.

---

[19] Според Јана Ристова Георгиева од с. Драмче, 80-годишна (во 1962 год) до околу нејзината 15-годишна возраст се носела „сина саја" (Арх. на ИФ Делчевско).

[20] Детска броенка од с. Драмче (1962 год.):

„Кукуругу
сина саја
пети пушка
за валушка
кучица!"

[21] Йорданъ Захариевъ. *Камница*, Сборникъ за народни умотворения кн. XL, Сифия 1925, 155.

На пијанечката носија се надоврзува носијата на планинските села над Кочани (Калиманци, Црн Камен, Гркљани, Драгобраште и др.), наречени во Полето „Горе́шни села", а нивното население „горна́нци" или „Шопи". Овдешната црна *саја* од тенок волнен материјал, со долги ракави, со „расцепо́рци" во долниот дел и со аплицирани разнобојни гајтани на предниците - во горниот, се носеле во комбинација со *литѫ елек* без ракави, од ригеста „алаџа" во темни бои. Поради гајтанските украси на предниците, сајата ја викале „шаре́на саја, некои од нив „со буга́рска шарка". Се носело и *џубе* („тесно џубе") од „брдници", украсено со гајтани и „клабодани" (срма). Облеките им ги шиеле најчесто терзии од с. Ќосевица, близу до самата граница.

Во Малешево традиционалната носија поодамна била изобичаена, а се задржале облеки од нејзините понови развојни фази - *антерија* со ракави, потоа *фустан*, двете од ригеста ткаенина[22]. Ј. Павловиќ соопштува за некогашни ленени кошули, украсени со вез, *саја* од клашна и клашнено *џубе*, како и за поновите облеки *фустан* и *фустанели*[23]. За облеки од типот на антеријата и фустанот уште кон крајот на минатиот век во Малешево, дава описи и Ѓ. Петров[24].

Од сиве овие носии најмногу се издвојува женската носија во малата шопска оаза Радовишки Шоплук, кој ги опфаќа селата во повисокиот југозападен дел на пл. Плачковица (Козбунар, Ново Село, Шипковица, Шаин-таш, Штурово и Вртешка). Кошулата во нејзиниот сегашен вид е од ќенарно платно, со ракави на манжетни („рокли"), а се украсени со „полско везмо", прифатено од носијата на соседните *пољци* од Радовишко Поле[25]. Посебно внимание привлекува горната облека *ф'стан, фустан* од дигеста ткаенина, наречена и тука „антерија", „интерија" (во с. Вртешка и самата облека се вика *антерија*). Тукашниот фустан најмногу се доближува до описот на пијанечкиот: составен е од тесен горен дел „надавок" и широко здолниште со многу набори - „бркуљки" (фотографија 6). Но во составот на носијата на оваа шопска група се задржало до денес црното клашнено *џубе*, со украси од волнени и срмени гајтани, во функција на празнична невестинска облека[26]. Износено џубе облекувал наопаку

---

22 Ѓ. Здравев, н.д. 164-166. А. Петрушева, н.д. 156.

23 Јеремија Павловић, *Малешево и Малешевци*, Београд 1929, 168, 171.

24 (Ѓорче Петров), Материали по изучването на Македония, София 1896, 616-617 („антеријата" ја опишува како „елек").

25 А. Петрушева, н.д. 156.

26 Ѓ. Здравев, н.д. 168. А. Петрушева. н.д. 156.

и еден од учесниците во обредната игра „дамала", во улогата на „баба".

*

Овој преглед на главните делови од женските носии кај шопските групи во Македонија ги посочува во општи црти нивните карактеристични обележја и разновидности, како и различните развојни фази поодделно кај секоја од нив. Исто тука не се опфатени и други важни облековни показатели, особено скутината, сепак, изнесениот материјал доволно овозможува да определиме главно две основни варијанти на женските шопски носии кај нас.

Првата варијанта ја претставува носијата во Источнио дел на Славиште, чија карактеристика е *шаекоѿ (сајаѿа)* со куси ракави и со должина над должината на кошулата, кои овозможуваат да се истакнат специфичните везбени форми на кошулата. На оваа варијанта веројатно ѝ припаѓала и носијата на Дурачка Река, не само поради непосредната близина, туку и поради невестинското *џубе*, по кое и го добиле името *црноџуѿки* жените од овој крај. Но се памети и за везени „бенки" на ракавите од кошулите.

Втората варијанта ги опфаќа носиите од пределот Пијанец со Долните села, Малешево и Горешните кочански села. Нивна карактеристика е *сајаѿа* со долги ракави и со должина скоро до должината на кошулата, оттаму и нејзините скромно везени бордури. Можно е некогашното присуство на овој простор и на облеки од првата варијанта и на некои нивни преплетувања, особено во Долните пијанечки села, како последица од раздвојувањето на соседните шопски групи од двете страни на границата. Така на пр.: во пијанечките села од бугарска страна, разграничени со оние на наш терен, означен како „Брегалнички Пијанец"[27], забележана е истовремена застапеност и на „д'лга саја" (пијанечка) и на „каса саја" (ќустендилска)[28].

Што се однесува до женската носија во Радовишкиот Шоплук, таа се оформила како посебна варијанта, што е последица на издвоеноста на оваа шопска група од нејзината матична област. Но во контекст на разработените облеки во овој прилог, ќе подвлечеме дека тука исто така се одржало невестинското *џубе*.

---

[27] Йорданъ Захариевъ. *Пиянец*, Сборникъ за народни умотворения кн. XLV, София 1949, 6.

[28] исто, 157-159.

Кога зборуваме за развојните фази на овие облеки, релативно помали промени претрпела женската носија во Источниот дел на Славиште. Но веќе во соседниот предел Дурачка Река се појавува сосем нова облека - безракавен *елек* од ригеста ткаенина, а облеки од ваков материјал се појавуваат и во новите развојни етапи на носиите кај преостанатите шопски групи. Иако поретко, елек се прифатил и во некои села од источниот дел на Славиште, како летна облека.

Разни видови облеки од тенка ригеста ткаенина („антерија", „алаџа", „шарено", „ѓезија") се застапени на широк простор во Источна Македонија, но и во некои предели од Западна Македонија. Вакви облеки редовно се понови елементи во македонските народни носии, а се прифаќани под влијанието на турско-ориенталната облековна култура. Нивната појава означува или замена на некој постар вид облека или нејзин нов придружен елемент. Така на пр.: сајата во Скопска Блатија ја заменил „елек" од „шарено"[29], а во некои кумановски села - „ливтар" од „алаџа"[30]. Постарите облеки во Струшко и Горна Преспа ги истиснале „забунот", односно „џупата" - и двете од ригест материјал[31]. Во женската носија на полошката група под пл. Сува Гора, во комбинација со традиционалните облеки се вклопил и „елек" од „џезија", а го распространиле терзиите од с. Челопеќе итн.

Во Дурачка Река *елекот* претставува нов и главен елемент во составот на носијата, прифатен под влијанието на овчеполската (которска) носија. *Литиот елек* кај Шопите над Кочани се носел како придружен елемент на сајата, никогаш самостално и што е исто така которско влијание. Инаку, вакви долги елеци од ригеста ткаенина, со конопна, волнена или козинена постава се носеле некогаш и во полските села во Кочанско и Штипско, а ги викале „лити" или „паатлии" елеци. Бидејќи тие биле неватирани, се викале „лити", а "паатлии" ги нарекле затоа што одзади стоеле сплеснато[32] (или според некои алузии - „како штици"). Подоцна пак, под влијание на овчеполската носија, овие елеци се замениле со покуси, но пошироки елеци, наречени „преберени" и „бокли́и еле́ци". Првото име го добиле, затоа што се полнети со памук и проширени, а второто поради нивната нагласена проширеност „на бокове", „со четири бока". Во штипското с. Лесковица, кое му припаѓа на пределот наречен „Ла-

---

[29] Д-р Миленко С. Филиповић, *Етничке прилике у Јужној Србији*, Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље 1937, 440.

[30] Ангелина Крстева, *Народната носија во Скопска Блатија* (во печат).

[31] Ѓ. Здравев, н.д. 91, 106.

[32] Од турскиот збор pat = сплеснат, рамен (Турско-български речник), София 1962, 443.

кавицата", се памети на кој начин се прифатила оваа најнова облека во селото[33].

Другиот вид облека од ригеста ткаенина во Пијанец и Малешево - *антеријата*, отпрво ја следи кројната конструкција на сајата, а слична е и со истоимените облеки во составот на гевгелиската, овчеполската и радовишката носија[34]. Но нејзиното натамошно преминување во облеки од градски тип - *фустан* и *фустанела*, соодветствува на развојните етапи на некои македонски носии во пиринските области[35].

Посебен интерес предизвикува специфичниот *фустан* во составот на женската носија од Радовишки Шоплук.

Овдешните Шопи се доселиле кон крајот на минатиот век и тоа од Кривопаланечко, Кратовско, Врањско, Кочанско и Пијанец[36]. Оддалечени од своите матични области, а населени во близина на македонско население со поинакви етнички особености, тие сепак успеале да ја задржат својата изразена групна свест и да ги негуваат своите групни обележја[37]. Немаме информации за нивните носии во времето на првите доселувања, но секако тие дошле со носиите од матичните области. Но бидејќи доаѓале од различни места, најверојатно рано настанало прилагодување и изедначеност во облекувањето, а носијата се покажала можеби како посилен обединувачки фактор дури и од говорните особености[38]. Подвлекувајќи ја специфичноста на овдешниот женски *фустан*, со изразито широко и набрано здолниште, според некои наши согледувања можеме да претпоставиме дека неговото конечно оформување настанало на овој терен, а врз основа на некоја од последните развојни фази на шопските облеки од ригеста ткаенина во матичните области. Можно е за ова дооформување, со истакнато проширување на здолништето да

---

[33] Според кажувањата во ова село, во 1978 год., каде што се носеле „саи" (радовишки) и „паатлии елеци", некоја жена по име Коца, прва облекла „елек со бокове", донесен од овчеполското с. Амзибегово. Сите се собирале да ја гледаат, но потоа овој вид елек станал општоприфатена облека во селото.

[34] Ѓ. Здравев, н.д. 134, 144 и 148.

[35] Пиринскиот крај, Етнографски, фолклорни и езикови проучувања, София 1980 (Мария Велева, Облекло, 284-286).

[36] Г. Паликрушева, н.д. 34.

[37] Исто, 37.

[38] Во селото Козбунар и Ново Село велат: *вуна, рука, кудеља, сучки, трут, д'н, наклади оѓино* итн., а во селата Шипковица и Шаин-таш велат: *в'на, рака, каделља, сачки, трат, ден, навали оѓино* итн.

влијаела носијата на Власите-сточари, со коишто се соочиле Шопите при населувањето на овие терени, освен со Турците - Јуруци[39].

Во оваа смисла ќе напоменеме дека и во една од најзачуваните македонски носии - мариовската, кон средината на овој век, тамошната декоративна бела *сагија* започнала да се заменува со црн, волнен *вустан* (с. Бешиште), со широко здолниште, по углед на Власите, кои ги носеле овците на пасење по мариовските планини[40]. И во Разлошко, проширувањето на кројните составки на некои облеки, па и облекувањето на неколку исти облеки една врз друга е регистрирано како појава под влијание на Власите[41]. Заслужува внимание да се каже и тоа, дека и Шопките во Радовишко, како и Влаинките, некогаш го тетовирале челото со крвче[42].

За разлика од необичниот *фустан*, карактеристичен само за носијата на радовишките Шопки, нивното невестинско *џубе*, со многу слична декорација, ја поврзува оваа носија со оние од матичните пределн. Меѓутоа, со најновите преселби во околните села и во градот, оваа реконсолидирана мала шопска група, доживува повторно етничко раслојување[43], па на исчезнување е и нејзината специфична носија. Така на пример, во напорите за интегрирање со околното население, новодоселените шопски девојки, на празникот Водици, наместо „водотичарки", според нивниот обичај, кога ги облекувале тамошните празнични - „стојаќни дреи", во новата средина учествуваат како „лазарйнки", на Лазарева сабота - според затечениот обичај, а се облекуваат или во „шопски фустани" или во бели „полски саи", па заедно со „пољаците" пеат „пољски песни".

Истакнувајќи го *џубето*, кое се задржало и со својата обредна функција кај сите македонски шопски групи, па и со името *црноџупки* за една од нив, сакаме да ја посочиме оваа облека како нивна заедничка карактеристика. Сепак, во поглед на кројната конструкција, таа се издвојува во два вида: покусо, а пошироко џубе, кое се носело со сајата со куси ракави, и потесно, но подолго џубе, што е во согласност со должината на сајата со долги ракави („тесно џубе" кај

---

[39] Г. Паликрушева, н.д. 34-35.

[40] Во с. Витолиште истата облека се вика „*ќурк*", а во селото прва започнала да го носи Стана Николова (Арх. на ИФ, Мариово 14/V).

[41] М. Тодорова, *Разложка носия*. сп. Български народ, год I, кн. 2, Скопие 1942, 10, 11. И Радовишките Шопки носеле во празник по два-три фустана еден врз друг, за да се зголеми нивната широчина (А. Петрушева, н.д. 156).

[42] Според податок од с. Шаин-таш, некогаш ергените избегнувале девојки без тетовиран „крс на чело", и за таква девојка велеле: „Има маана, шута била".

[43] Г. Паликрушева, н.д. 37-39.

Шопите над Кочани). Оттаму и некои посебности во нивното украсување.

Облека од овој тип, со истото име и функција, уште пред крајот на минатиот век ја заменила претходната облека *касаче* во Ќустендилско Краиште и во Каменица[44], а во пијанечките села од другата страна на границата се носело т.н. *право џубе*[45]. Заслужува да се истакне и една специфичност на кројната облека на грбот, со стеснување кон долниот дел, кај џубињата во Источниот дел на Славиште и во Дурачка Река, што се појавува не само во пределот Каменица[46], но и кај шопското население во Србија[47], а кое што се оценува како појава со одамнешни балкански корени[48].

Во оваа пригода не се задржуваме посебно на врските меѓу македонските шопски носии и на оние на шопското население надвор од Македонија. Иако засега се покажуваат значајни оддалечувања, сепак се неопходни целосни истражувања на македонските шопски носии, со сите придружни облековни елементи, за да се согледаат нивните првоботни заеднички особености, со оние на другите шопски групи.

---

[44] Й. Зазариевъ, *Кюстендилско Краище,* 89-97. Й. Зазариевъ, Каменица, 157-158.

[45] Йорданъ Зазариевъ. *Пиянец,* 159.

[46] Иорданъ Захариевъ. *Каменица,* 155-156.

[47] Јерина Шобић, *Размаграња о шопској ношњи*, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. 24, Београд 1961, 58-59, 69.

[48] Исто, 75.


Angelina KRSTEVA

SOME PHASES OF DEVELOPMENT OF THE "SHOPS" COSTUMES IN MACEDONIA

Summary

The "Shop" congregations in Macedonia settle the regions of the east site of Slavishte, Durachka reka, Pijanec, Maleshevo and Radovish "Shopluk". Their costumes characterize with some common elements, but they are distinguished with certain peculiarities too. It id due upon the migrations of the "Shops" and the influences of the customs in the neighborhood. In that way in the separate regions of the "Shops" different phase of the development of the customs took place, with the incorporation of the new associate elements their composition or with the abandoning of some traditional costumes.

Following some characteristic parts of the Macedonian Shop women costumes ("koshula", "saja", "dzube"), it is possible to select generally two primary variants. One of them is characteristic for the east site of Slavishte an Durachka Reka, and the other for Pijanec and Masleshevo. The women costume from the Radovishki Shopluk, is deferent from those two variants as a result of the separation of this "Shop" congregation from their native region.



Сл. 1. Везови „бенки“ од ракав на женска кошула,
с. Трново, Кривопаланечко.




Сл. 2. Женска носија од с. Крклња, Кривопаланечко, 1954 год. (Фототека музеј на Македонија - Етнолошки оддел, нег. бр. 302).



Сл. 3. Женска носија од Дурачка ре́ка
(снимил Ѓорѓи Здравев).



Сл. 4. Женска носија од с. Киселица, Пијанец, 1955 год. (Фототека музеј на Македонија - Етнолошки оддел, нег. бр. 949).



Сл. 5. Жена во „џубе“ с. Саса, Пијанец, 1963 год.
(Музеј на Македонија - Етнолошки оддел, нег. бр. 2506).



Сл. 6. Женска носија (заден дел) од с. Козбунар,
Радовишки Шоплук, 1965 год.
(Музеј на Македонија - Етнолошки оддел, нег. бр. 3531).